# ПРАВИЛНИК
# ЗА УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

## Член 1

## Претседател на класна заедница
## Член 2

(1) Претседателот на класната заедница го избираат учениците кои ја чинат класната заедница на непосредни избори со тајно гласање.

(2) Претседателот на класната заедница се избира со мандат од една учебна година, со право на реизбор.

(3) Изборите за претседател на класна заедница во 2, 3, и 4 година се одржуваат во втората работна недела од учебната година. Изборите за претседател на класната заедница во 1 година се одржуваат во третата работна недела од учебната година.

## Постапка за избор на претседател на класна заедница
## Член 3

(1) Изборите за претседател на класната заедница се одржуваат во просторијата во која учениците го одржуваат класниот час, на ден определен со годишниот план и програма за работа на училиштето.

(2) Право да поднесе пријава за претседател на класна заедница има секој редовен ученик кој има писмена поддршка од најмалку 5 ученици од иста класна заедница. Пријавата од овој став се поднесува до класниот раководител, најдоцна два дена пред одржувањето на изборите. Класниот раководител пред гласањето ги чита пријавените кандидати за претседател на класната заедница. Пријавените кандидати за претседател на класната заедница имаат право да се обратат до учениците пред гласањето.

(3) Пријавата од ставот (2) на овој член се поднесува на јазикот и писмото на кој учениците ја следат наставата во класот и ги содржи следниве податоци:

1) Име и презиме на ученикот;
2) Поведение од претходната учебна година;
3) Предлог на лице за заменик-претседател;
4) Мотивационо писмо и
4) Потписи од најмалку 5 ученици кои го подржуваат кандидатот.

(4) Изборите можат да се одржат доколку бидат присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на ученици во класот. За избран претседател се смета кандидатот кој има освоено најголем број гласови од вкупниот број гласови. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат освоен ист најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено најмногу гласови.

(5) Доколку на денот определен за гласање не бидат присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на ученици во класот, изборите се одржуваат на следниот класен час, на кој присутни ќе бидат најмалку 2/3 од вкупниот број на ученици во класот.

(6) Изборите ги организира и нив ги спроведува комисија составена од двајца ученици, кои не се кандидати за претседател и заменик претседател и класниот раководител. Учениците членови во комисијата ги избира со јавно гласање класната заедница со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни ученици. Гласањето се одвива за секој пријавен ученик одделно. Доколку се пријавени само двајца ученици за членови на комисијата, избори за членови на комисија не се спроведуваат.

(7) Комисијата води записник за текот на гласањето и истиот го доставува до директорот на училиштето или до лице определено од него.

**Надлежност на претседател на класна заедница**

**Член 4**

(1) Претседателот на класната заедница:

1) ги претставува учениците од класната заедница во ученичкиот парламент и пред другите органи на училиштето;

2) ги информира учениците од класната заедница за работите за кои се одлучува во ученичкиот парламент и другите органи на училиштето;

3) присуствува на родителските средби;

4) се грижи за мирно решавање на споровите во класот;

5) соработува со претседателите на другите класни заедници

6) соработува со постојаните и повремените комисии и

7) врши други работи утврдени со Правилникот за работата на класните заедници и ученичкиот парламент.

(2) Во работата на претседателот на класната заедница му помага и во случаи на спреченост го заменува, заменик-претседател на класната заедница. За заменик-претседател се смета ученикот кој освоил втор највисок број на гласови од кандидатите за претседател на класна заедница.

(3) Доколку ученикот кој освоил втор највисок број на гласови од кандидатите за претседател на класна заедница одбие да биде заменик-претседател или пак доколку постапката за избор на претседател на класна заедница се спроведува само со еден кандидат, за заменик-претседател се смета ученикот од членот 4 став 3 точка 3 од овој закон.

**Предвремен престанок на мандат на претседател на класна заедница**

**Член 5**

(1) На претседател на класна заедница, мандатот пред истекот на рокот му престанува:

1) ако самиот тоа го побара;

2) ако тоа го побараат 2/3 од вкупниот број на ученици од иста класна заедница;

3) ако отуствува на три последователни седници на ученичкиот парламент, односно во случај на негова спреченост, доколку отсуствува и неговиот заменик

и

4) во други случаи утврдени со правилникот за ученичко организирање и учество.

(2) Одлуката од ставот (1) на овој член ја носи класната заедница, а ја верификува класниот раководител.

(3) Одредбите од ставот (1) на овој член се применуваат и на предвремениот престанок на мандат на заменикот-претседател на класната заедница.

(4) Доколку настапи предвремен престанок на мандат на претседател на класната заедница, се врши избор на нов претседател на класната заедница во рок од 20 дена од денот на престанокот на мандатот. Со престанокот на мандат на претседател на класна заедница, престанува мандатот и на неговиот заменик.

(5) Доколку настапи предвремен престанок само на мандат на заменик-претседател на класната заедница, претседателот на класната заедница предлага нов заменик, а него, со тајно гласање, го потврдува класната заедница со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Ученички парламент**

**Член 6**

(1) Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, составено од претседателите на класните заедници во едно училиште.

(2) Конститутивната седница на ученичкиот парламент се одржува во последната работна недела во месец септември. Датумот на одржување на конститутивната седница се определува со годишниот план и програма за работа на училиштето.

(3) Со конститутивната седница на ученичкиот парламент претседава највозрасниот претседател на класна заедница.

**Предвремен престанок на мандат на наставници и стручни соработници-членови на ученичкиот парламент**

**Член 7**

(1) Ако претставник од редот на наставниците и стручните отсуствува од работата ученичкиот парламент три последователни седници, неговиот мандат престанува. Одлуката за престанок на мандатот ја носи директорот на училиштето.

(2) Директорот на училиштето во рок од 5 дена од денот на престанок на мандатот на наставник или стручен соработник именува нов претставник.

**Седници на ученичкиот парламент**

**Член 8**

(1). Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст.

(2) Во месеците кога учениците се на годишен распуст, седниците се одржуваат на барање на најмалку половина од вкупниот број на претседатели на класни заедници.

(3) Седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент.

(4) Претседателот на ученичкиот парламент е должен веднаш, а најдоцна во рок од два дена да свика седница на ученичкиот парламент доколку тоа го побараат најмалку половината од вкупниот број на претседатели на класни заедници или директорот на училиштето.

(5) Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број на претседатели на класни заедници.

(6) На седниците на ученичкиот парламент, без право на глас може да учествува секој ученик, директорот на училиштето, училишниот педагог, дефектолог, психолог и други стручни соработници.

(7) Седниците на ученичкиот парламент се одржуваат во соодветна просторија определена од директорот на училиштето или во просторијата каде се одржуваат седниците на стручните одбори на училиштето. Ученичкиот парламент може да донесе одлука за одржување на седница и на друго место.

**Претседател на ученички парламент**

**Член 9**

(1) Со ученичкиот парламент раководи и неговата работа ја организира претседателот на ученичкиот парламент.

(2) Претседателот на ученичкиот парламент се избира од редот на претседатели на класни заедници од втора, трета или четврта година.

(3) Мандатот на претседател на ученичкиот парламент изнесува една учебна година, со право на еден реизбор.

(4) Претседателот на ученичкиот парламент не може да биде избран за координатор на учебна година, член на постојана комисија на ученички парламент и претставник во стручните органи и советот на родители.

**Избор на претседател на ученички парламент**

**Член 10**

(1) Изборот на претседател на ученички парламент е прва точка на конститутивната седница на ученичкиот парламент.

(2) На конститутивната седница се избира комисија од тројца членови која го спроведува изборот на претседател на ученички парламент.

(3) Секој претседател на класна заедница пред почетокот на расправата за првата точка може да се кандидира за претседател на ученичкиот парламент, со поднесување на пријава до претседавачот со конститутивната седница.

(4) Гласањето за претседател на ученички парламент се одвива тајно.

(5) Гласањето може да се одржи само доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на претседатели на класни заедници.

(6) За претседател на ученичкиот парламент се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови од вкупниот број присутни со право на глас. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат исто најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено најмногу гласови.

(7) По изборот на претседател на ученичкиот парламент, тој продолжува со раководењето на седницата на парламентот.

(8) На претседателот на ученичкиот парламент во неговата работа му помагаат заменик-претседател кој се избира од редот на координатори на учебни години и секретар на ученичкиот парламент.

(9) Постапката за изборот на заменик-претседател и секретар на ученичкиот парламент се врши на ист начин како и изборот на претседател на ученички парламент.

**Предвремен престанок на мандатот на претседателот на ученичкиот парламент**

**Член 11**

(1) На претседател на ученичкиот парламент, мандатот му престанува пред истекот на мандатот доколку:

1) тоа самиот го побара;

2) недоверба изгласаат 2/3 од претседателите на класните заедници;

3) му престане статусот на редовен ученик и

4) во други случаи утврдени со овој закон и со Правилникот за работа на класни заедници и ученички парламент.

(2) Доколку настапи предвремен престанок на мадантот на претседател на ученичкиот парламент врз основа на ставот (1) на овој член, се спроведуваат нови избори во рок од 20 дена од денот на престанок на мандатот.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член се однесуваат и на предвремениот престанок на мандатот на заменик-претседател.

(3) Доколку претседателот на ученичкиот парламент е ученик од највисока учебна година, по денот на добивање на дипломата за завршено средно образование, до крајот на учебната година, со работата на ученичкиот парламент раководи заменикот-претседател. Доколку и заменикот-претседател е ученик од највисока учебна година, по денот на добивање на дипломата за завршено средно образование, до крајот на учебната година, со работата на ученичкиот парламент раководи ученик од највисока учебна година .

**Координатори на учебни години**

**Член 12**

(1) За координатор на учебна година може да се пријави секој претседател на класна заедница од иста учебна година.

(2) Изборот на координатор на учебна година го вршат претседателите на класна заедница од иста учебна година со тајно гласање.

(3) За координатор е избран кандидатот кој освоил најголем број на гласови од вкупниот број на гласови на претседатели на класни заедници. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат ист, најголем број на гласови. За избран координатор во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено најмногу гласови.

(4) Гласањето го организира и спроведува комисијата за избор на претседател на ученички парламент.

**Координативно тело на ученичкиот парламент**

**Член 13**

(1) Координативното тело на ученичкиот парламент е составено од координаторите на учебните години, двајца претставници-наставници именувани од страна на директорот на училиштето и секретарот на ученичкиот парламент.

(2) Координативното тело на ученичкиот парламент врши изработка на предлог-програма за работа на ученичкиот парламент  и ги подготвува материјалите за седниците на ученичкиот парламент.

**Комисија за доверба и соработка**

**Член 14**

(1) Комисијата за доверба и соработка е составена од:

1. секретарот на ученичкот парламент;

2. еден член, наставник или стручен соработник именуван од директорот на училиштето;
3. двајца ученици од редот на ученици кои не се членови на ученичкиот парламент и
4. еден член именуван од училишниот одбор.

(2) Изборот на членовите од ставот (1) точка 1 и 3 на овој член го врши ученичкиот парламент со мнозинство гласови од вкупниот број претседатели на класни заедници.

(3) Работата на комисијата за доверба и соработка ја организира и со седниците раководи секретарот на ученичкиот парламент.

(4) Комисијата од ставот (1) на овој член ги решава споровите помеѓу учениците и наставниците, помага за унапредување на комуникацијата помеѓу учениците и наставниците, остварува соработка со единиците на локалната самоуправа и националните образовни институции, ја следи работата на ученичкиот парламент, функционирањето на класните заедници, учеството на учениците во училишниот одбор, стручните комисии и советот на родители.

(5) Комисијата одржува состаноци најмалку еднаш во текот на месецот. За својата работа комисијата доставува извештај на секои три месеци до ученичкиот парламент и до директорот на училиштето.

**Надлежности на ученички парламент**
**Член 15**

Ученичкиот парламент:

1) ги усвојува Правилникот за работа на класни заедници и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Координативното тело на ученичкиот парламент;
2) дава мислења и предлози на училишниот одбор, стручните органи на училиштето, директорот на училиштето, Советот на родителите, годишниот план за работа на училиштето, а во врска со правилата на однесување во училиштето, начинот на уредување на училишниот простор, слободните и вонnаставните активности, учество на спортски и ученички натпревари, датумот на одржување на конститутивната седница на ученичкиот парламент и за други прашања од надлежност на училишниот одбор, стручните органи и директорот на училиштето;
3) активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;
4) активно учествува за промовирање, заштита и застапување на правата и интересите на учениците;
5) го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;
6) соработува со институциите и другите организации кои работат со младите;
7) избира двајца претставници од учениците за членови во Училишниот одбор;
8) избира претставници од учениците во стручните комисии на училиштето и во Советот на родители;

9) врши други работи утврдени со овој закон, статутот на училиштето и Правилникот за работа на класни организации и ученичкиот парламент.

## Избор на претставници од учениците во училишниот одбор, стручните комисии на училиштето и во Советот на родители

### Член 16

(1) За претставник од редот на учениците во Училишниот одбор, стручните комисии на училиштето и Советот на родители може да биде избран секој ученик  од втора, трета или четврта година.

(2) Изборот го врши ученичкиот парламент на конститутивната седница, по претходно објавен јавен повик од страна на директорот на училиштето или лице определено од него.

(3) Повикот се објавува најдоцна 20 дена пред одржување на конститутивната седница на ученичкиот парламент. Пријавите се доставуваат до ученичкиот парламент, преку класните раководители.

(4) Изборот се врши со тајно гласање.

(5) За избрани претставници од редот на учениците во Училишниот одбор, се сметаат оние двајца кандидати кои има освоено најголем број на гласови. Доколку повеќе од двајца кандидати освојат ист најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат исто најголем број на гласови. За избрани претставници во следниот круг се сметаат двајцата кандидати кои имаат освоено најмногу гласови.

(6) За избран претставник од редот на учениците во стручните комисии и во Советот на родители се смета оној кандидат кој има освоено најголем број на гласови. Доколку повеќе кандидати освојат ист најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат исто најголем број на гласови. За избран претставник во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено најмногу гласови.

(7) Претставниците од учениците учествуваат во работата во органите каде се избрани без право на одлучување.

(8) Мандатот на претставниците од ставовите (1) и (2) на овој член изнесува една учебна година, со право на еден реизбор.

(9) На предвремен престанок на мандатот на преставниците од ставовите (1) и (2) на овој член се применуваат одредбите за предвремен престанок на мандат на претседател на ученички парламент.

(10) Одлуката за предвремен престанок на мандатот ја носи ученичкиот парламент.

## Правилник за работа на класни заедници и ученичкиот парламент

### Член 17

Секој ученички парламент може да донесе правилник за работа на калсни заедници и ученички парламент со кој поблиску се уредува работата на облиците на ученичко организирање.